Машински факултет
Бр. 02-2215/1
27.08.2009 год.
Скопје

Врз основа на член 182 од Статутот на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје и член 42 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 27.08.2009 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за формирање наставно-научни колегиуми за втор циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје

Член 1

Машинскиот факултет во Скопје за организирање на вториот циклус студии формира наставно-научни колегиуми за втор циклус студии (во натамошниот текст - Колегиуми).

Член 2

Колегиумите се формираат за една, односно повеќе сродни студиски програми/насоки при институтите на Факултетот - предлагачи и носители на соодветните студиски програми и како заеднички колегиуми за студиските програми кај кои како носители се јавуваат два или повеќе институти, односно Одделот за математика и информатика.

Член 3

На Факултетот се формираат следниве Колегиуми:

1. Наставно-научен колегиум за студиските програми/насоки по производно инженерство и индустриско инженерство и менаџмент на едногодишните студии и по производно машинство на двегодишните студии при Институтот за производно инженерство и менаџмент.
2. Наставно-научен колегиум за студиските програми/насоки по моторни возила и транспорт, механизација и логистика на едногодишните студии и по машински конструкции, механизациони машини и возила на двегодишните студии при Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила.
3. Наставно-научен колегиум за студиските програми/насоки по материјали, заварување и конструктивно инженерство на едногодишните студии и по заварување и заварени конструкции на двегодишните студии при Институтот за заварување и заварени конструкции.
4. Наставно-научен колегиум за студиските програми/насоки по термичко инженерство на едногодишните студии и по термотехника и термоенергетика на двегодишните студии при Институтот за термичко инженерство.
5. Наставно-научен колегиум за студиските програми/насоки по автоматика и флуидно инженерство на едногодишните студии и по хидротехника, пневматика и

автоматика на двегодишните студии при Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

6. Наставно-научен колегиум за студиската програма/насока по механика на двегодишните студии при Институтот за механика.

7. Наставно-научен колегиум за студиската програма по мехатроника на едногодишните студии заеднички за Институтот за механика и Одделот за математика и информатика.

8. Наставно-научен колегиум за студиската програма по енергетика и екологија на едногодишните студии заеднички за Институтот за термичко инженерство и Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

9. Наставно-научен колегиум за студиската програма по индустриски дизајн на двегодишните студии при Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила.

Член 4

Колегиумот ги сочинуваат избраните наставници во работен однос на Факултетот што ја изведуваат наставата на вториот циклус студии од соодветниот Институт односно Одделот.

Колегиумот формиран за еден институт го сочинуваат наставниците од Институтот и по еден член од Одделот за математика и информатика.

Мандат на членот од Одделот за математика и информатика трае 1 година.

Колегиумот формиран заеднички за два или повеке институти односно институт и Одделот го сочинуваат наставниците од истите.

Член 5

Деканот на Факултетот на почетокот на учебната година со решение го утврдува бројот и составот на членовите на колегиумот.

Со истото решение се именува и раководител на студиската програма, односно студиски програми.

Раководителот на студиската/те програма/и ја води и координира работата на колегиумот.

Мандатот на раководителот на студиската програма трае три години.

Член 6

Наставно-научниот колегиум покрај работите пропишани со Законот за високото образование , Статутот на Универзитетот, Правилникот на Факултетот и другите акти на Универзитетот и Факултетот ги врши и следниве работи:

- определува ментор на студии,
- утврдува соодветност на завршени студии од прв циклус односно додипломски студии за запишување на втор циклус на студии,
- врши еквиваленција на признаени кредити од предмети на додипломски студии со предмети од соодветна студиска прогрма,
- се грижи за реализација на постапката за пријавување и селекција на кандидатите, во согласност со одредбите содржани во конкурсот за запишување на втор циклус студии,

- подготвува и до наставно-научниот совет на Факултетот поднесува извештај за резултатите од уписот,

- одлучува по приговорите на кандидати за запишување,

- учествува во изготвувањето на додаток на диплома.

Член 7

Колегиумот работите од својата надлежност ги врши на седница.

Седницата на колегиумот ја свикува и со неа раководи раководителот на студиската/те програма/и.

На барање од деканот на Факултетот или на една петина од членовите на колегиумот, раководителот е должен да закаже седница на колегиумот.

Колегиумот полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.

Во работата на колегиумот можат да учествуваат и наставници од други факултети кои изведуваат настава на соодвените студиски програми, без право на одлучување.

Член 8

За работата на седницата се води записник.

Записникот се усвојува на следната седница на колегиумот.

Записникот се заверува во архивата на Факултетот и еден примерок се доставува до продеканот за меѓународна соработка, наука и развој.

Член 9

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: сите наставно-научни работници, продеканите, секретарот, студентската служба и архивата на Факултетот.

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов